**2021056833**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТУТУН, ПРОИЗВОДИ ОД ТУТУН И СРОДНИ ПРОИЗВОДИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за тутун производи од тутун и сродни производи,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 9 март 2021 година.

Бр. 08-1412/1
9 март 2021 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТУТУН, ПРОИЗВОДИ ОД ТУТУН И СРОДНИ ПРОИЗВОДИ

Член 1

Во Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 98/19 и 27/20), во членот 34 став 1 точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „односно најдоцна до 31 март за вишок на произведен тутун на договорените површини за производство на тутун и за тутун договорен со откупувач кој не обезбедил финансики документ согласно со членот 31 од овој закон.“.

Член 2

Во членот 83 зборовите: „став 6“ се заменуваат со зборовите: „ставови 5 и 6“.

Член 3

Во член 84 во ставот 3 зборовите: „став 6“ се заменуваат со зборовите: „ставови 5 и 6“.

Член 4

Во член 100 став 1 точка 9) по зборовите: „наредната година“ се става запирка и се додаваат зборовите: „односно најдоцна до 31 март за вишок на произведен тутун на договорените површини за производство на тутун и за тутун договорен со откупувач кој не обезбедил финансиски документ согласно со членот 31 од овој закон“.

Член 5

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.